**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-578/6**

**Скопје, 31.10.2006 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Центар Жупа за 2005 година, кои се прикажани на страните од 8 до 10 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Центар Жупа за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Нузи Шахи – Градоначалник на општина Центар Жупа во 2005 година;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 7 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 24.07. 2006 до 28.07.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Примената на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во општина Центар Жупа и Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Центар Жупа е од 01.06.2005 година, спротивно на завршните и преодни одредби дека истите ќе се применуваат по објавувањето на огласна табла, а ќе се објават по добиеното мислење од Агенцијата за државни службеници. Добиеното мислење од Агенцијата за државни службеници е со дата од 16. 09.2005 година.
Непочитувањето на интерните акти од лицата кои се директно одговорни за донесување и постапување по истите, придонесува за зголемени трошоци, во овој случај зголемени трошоци по основ на плати.
**Препорака:**
Градоначалникот како најодговорно лице во општината, да создаде услови за почитување на законската регулатива и интерните акти кои произлегуваат од истата се со цел за економично трошење на јавните средства и законско работење на единицата на локална самоуправа.

10.1.2. Општина Центар Жупа има набавено патничко возило за потребите на општината со договор за финансиски лизинг на износ од 1.558 илјади денари. Платено е во готово износ од 573 илјади денари а остатокот од 985 илјади денари ќа се платат во 36 (триесетишест) еднакви месечни рати. Ваквиот начин на набавка е спротивен на член 50 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и Законот за локална самоуправа. Непочитувањето на законските одредби во делот на задолжување на општината придонесува да општината се доведе во состојба да не може да ги остварува своите основи функции и да се задолжи спротивно на законските прописи.
**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице за извршување на Буџетот е должен да презема активности согласно законските одредби и според реалните можности на општината без да создава долгови за идни периоди.

10.1.3. Општина Центар Жупа во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението бр. 23-257/38 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Центар Жупа врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на Република Македонија. Во врска со имотот со кој располага и е сопственост на општината, нема обезбедено имотни листи од Републичката геодетска управа. Причина за тоа е неажурноста на надлежните служби во општина Центар Жупа. Поради тоа искажаната состојба на 31.12.2005 година не ја претставува реалната состојба на

материјалните средства и изворите на средствата.

**Препорака:**

На основа решението и имотните листи кои треба да се обезбедат од републичката геодетска управа, да се изврши евидентирање на материјалните средства сопственост на општина Центар Жупа.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Не е извршен попис на состојбата на средствата и нивните извори со состојба на 31 декември 2005 година. Претходно наведеното не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект неточно искажување на билансните позиции и неуредна евиденција на основните средства.

**Препорака:**

Да се преземат мерки и активности од страна на одговорните лица и да се организира и изврши вонреден попис со цел да се утврдат реалните состојби. Да се изврши одбележување инвентарисување на основните средства.

10.2.2. Спротивно на надлежностите на општината кои се утврдени со Законот за локална самоуправа, во 2005 година општина Центар Жупа има вршено директни набавки на репроматеријали за главен водовод во вкупен износ од 101 иљјади денари. За евидентирање на набавката и давањето во употреба на материјалите и резервните делови нема утврдено конзистентна сметководствена политика, која треба да се применува во целиот пресметковен период, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. За набавените материјали не е наведено каде и за кои потреби се потрошени. Тоа се јавува поради не примена на одредбите од претходно споменатиот пропис. Општината нема организиран простор (магацин) за прием на залихите. Неевидентирањето на приемот и издавањето на материјалите придонесува да се нема увид во состојбата на истите и можност за ненаменско користење.

**Препорака:**

Набавката на материјали треба да се регулира со општ акт со кој:
- ќе се утврди потребата за набавка;
- ќе се регулира приемот со потврда за прием, која ќе биде потпишана и заверена од страна на одговорно лице;
- ќе се обезбеди простор за прием на залихите;
- ќе се евидентира трошењето на материјалите со издатници/требување.

10.2.3. Општина Центар Жупа има и располага со материјални средства како што се деловни објекти, улици, патишта, водоводи и слично, кои не се евидентирани во сметководствената евиденција на општината на соодветните сметки пропишани со Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници, поради непримена на претходно наведените прописи. Неевидентирањето на материјалните средства не дава права слика за состојбата на средствата и изворите на истите.

**Препорака:**

Да се воведе пракса за евидентирање на капиталните вложувања на соодветните конта за материјаните и нематеријалните средства и државниот- јавен капитал.

10.2.4. За трошоците за мобилни телефони сопственост на општина Центар Жупа, кој го користи градоначалникот не е донесен акт – одлука или решение за утврдување на висината на расходите кои ќе бидат на терет на општината. Ваквиот начин на работење го нарушува принципот на економично работење и доведува до нелимитирани трошоци по овие основи.

**Препорака:**
Надлежните лица во општината да донесат интерен акт со кој ќе се лимитираат расходите од овој вид со цел за економично трошење на јавните средства.

**10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.3.1. Во билансот на приходи и расходи за 2005 година приходите и расходите се потценети за износ од 3.000 илјади денари поради неевидентирање на договор за цесија со Министерството за локална самоуправа – Биро за неразвиени подрачја и неспроведување на цесијата преку трезорскиот систем спротивно на одредбите на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Со договор за цесија број 08-414/1 од 29.11.2005 година платено е на Интерконстракшн износ од 3.000 илјади денари од Бирото за стопански недоволно развиени подрачја по завршна ситуација број 03-77 од 29.11.2005 година во форма на авансна ситуација за изградба на фекална канализација и прилог градежна книга без потпис од надзорен орган.
Непочитувањето на Законот за сметководствотото на буџетите и буџетските корисници придонело за нереално искажување на приходите и расходите во Билансот на приходи и расходи кај Органот на општина Центар Жупа.
**Препорака:**
При практикување на формите за плаќање како што се цесиите истите да се спроведуваат преку системот на платниот промет и кај сметката на Буџетот и кај сметката на Органот и да се евидентираат во сметководствената евиденција со цел да се почитува паричниот принцип на искажување на приходите и расходите.

10.3.2. Ставката Основни плати и надоместоци во Билансот на приходи и расходи е прецeнета за износ од 147 илјади денари, за кој износ се прецeнети расходите, а е потценет вишокот на приходи над расходи за неоснована исплата на:

- 132 илјади денари за исплатен функционерски додаток на градоначалникот, спротивно на Законот за исплата на плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, и
- 15 илјади денари повеќе исплатен надомест за учество во работа на Советот на еден советник

**Препорака:**
Советот при донесување Одлуки за утврдување надоместоци правта за висината и видот на надоместоците да ги црпи од постојната законска регулатива.

10.3.3. Ставката - Основни плати и надоместоци во Билансот на приходи и расходи, во делот на потставката Основни плати- функционери е прецeнета, за исплатената нето функционерска плата на секретарот на Советот, за кој износ е потценета потставката Основни плати- работници. Наведеното е спротивно на Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица во Републиката.
Поради непостоење на акт за пресметка на плата на погоре наведеното лице, во согласност со критериумите кои важат за органите на Општината, ревизијата не е во состојба да го квантифицира ефектот на претходниот наод врз вишокот на приходи над расходи. Оваа состојба е надмината почнувајќи од месец шести, оваа непрвилност повеќе не се јавува.

10.3.4. Ставката Патни и дневни расходи во Билансот на приходи и расходи е прецeнета за износ од 34 илјади денари за кој износ е потценет Вишокот на приходи над расходи, и тоа:

- За повеќе исплатените дневници за патување во странство на Градоначалникот во износ од 16 илјади денари, спротивно на одредбите на

член 10 од Уредбата за издатоците за службени патувања селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци.

- За исплатените 18 илјади денари за 33 ноќевања во одморалиштето Маврови Анови без да биде донесен акт со кој ќе се регулира за кого и кога се направени тие трошоци за сместување, која е причината истите да бидат измирени од општината без да бидат планирани во Буџетот на општина Центар Жупа.

**Препорака:**
Надлежните служби во општинската администрација да ги пратат законските промени и да ги применуваат истите како не би се создавале зголемни трошоци поради постапување спротивно на законските прописи.

10.3.5. На ставката Поправка и тековно одржување во Билансот на приходи и расходи, евидентирани се расходи во вкупен износ од 346 илјади денари спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, со некомплетна финансисика документација како основ за книжење и признавање и тоа: нема доказ за извршена работа (работни налози или записници за извршена работа потврдени од одговорно лице во општината). (Прилог бр. 1 од Извештајот).
Немањето на соодветни интерни акти и контролни постапки, доведува до можно неоправдано зголемување на расходите, непоткрепени со веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи, а исплатите засновани на таква документација создаваат сомнеж за реалноста на направените расходи .
**Препорака:**
Надлежната служба во општината да ги почитува одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници поточно член 12 од законот и евиденцијата на финансиските трансакци да се темели на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи.

10.3.6. За искажаните расходи кај ставката Други градежни објекти во Билансот на приходи и расходи во вкупен износ од 199 илјади денари за кои финансиската документација е некомплетна спротивно на одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и тоа: нема записници за извршени работи, нема доказ каде се вградени материјалите, нема Одлука за набавка на опрема и нема доказ на кого е дадена опремата ( Прилог бр. 1 точка 2 од Извештајот), ревизијата се оградува од реалноста на истите.
Немањето на соодветни интерни акти и пишани процедури доведува до можно неоправдано зголемување на расходите, непоткрепени со исправна и комплетна документација .
**Препорака:**
Надлежната служба во општината при изготвување на Одлука за извршување на буџетот во истата да вгради одредби за регулирање на начинот на користењето на средствата од ставките Тековни трансфери и Субвенции и трансфери.

### 10.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

10.4.1. Позицијата Материјални средства е помалку искажана за износ од 173 илјади денари и за истиот износ е помалку искажана и состојбата на изворите на средствата, поради не евидентирање на документацијата (фактури) за набавка на опрема и канцалариски мебел.
Ова е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на сметките од сметковниот план за буџетските корисници. За истите правниот субјект бил должен да изврши соодветно зголемување на вредноста на материјалните средства и зголемување на Деловниот фонд како и да пресмета амортизација согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**
Надлежната служба да изврши соодветно евидентирање на набавената опрема и канцалариски мебел, да се отвори книга на основни средства и да се пресмета исправка на вредноста на истите согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**10.5. Не применување на одредбите од Законот за јавни набавки**

10.5.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки за 2005 година, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ број 19/04 ...109 /05) и тоа:
- нема годишен план за јавни набавки;
- во општината не се води регистар за јавни набавки;
- за набавки од мала вредност не е донесен интрен акт Правилник за регулирање на начинот и постапката за набавки од мала вредност.

10.5.2. За изградба на дел од фекална канализација (набавка на полиетиленски цевки), крак Центар Жупа – Житинени, Одлуката за јавна набавка е без износ на средствата потребни за реализација на набавката согласно член 12 став 2, исто така во отворениот повик критериумите не се изразени во бодови согласно член 50 точка 2 и не е извршено рангирање на понудите согласно дадените критериуми што е спротивно на член 47 точка 8 од Законот за јавни набавки. Со увид во тендерската документација ревизијата утврди од пријавените пет понудувачи, кај два понудувачи и тоа Гемакс Интернационал Скопје и ЕМБЕ Комерц Скопје, тендерската документација се разликува од другите три понудувачи што покажува дека истата е променета, а не се известени понудувачите што е спротивно на член 38 од точка 1 од Законот за јавни набавки. Со истото се нарушува начелото на обезбедување на еднаква положба на понудувачите, односно не е обезбедена фер конкуренција меѓу понудувачите согласно член 6 точка 1 од Законот за јавни набавки. Поднесена е жалба од ЕМБЕ Комерц која е одбиена од Комисијата за жалби на Владата на Република Македонија со решение број 46-1419/2 од 07.12.2005 година. Склучен е договор со ТД Интерконстракшен ДООЕЛ Гевгелија од 23.11.2005 година на износ од 4,390 илјади денари пред да биде одлучено по жалбата, спротивно на член 85 точка 3 и член 92 точка 4 пред правосилноста на одлуката по жалба.

10.5.3. За изградба на дел од каналот за наводнување во Папрадник, Одлуката за јавна набавка е без износ на средствата потребни за реализација на набавката согласно член 12 точка 2, исто така во отворениот повик критериумите не се изразени во бодови согласно член 50 точка 2, и не е извршено рангирање на понудите согласно дадените критериуми што е спротивно на член 47 точка 8 од Законот за јавни набавки. Склучен е договор со ИМАКО Гостивар од 29.12.2005 година, без дефиниран рок на изведба што е спротивно на дадената понуда со рок на изведба од 22 дена.

10.5.3. Извршени се набавки на добра, стоки и услуги без спроведување на постапка за јавни набавки во вкупен износ од 1.242 илјади денари спротивно на член 29 и член 72 од Законот за јавни набавки. ( Прилог бр.2)

Неспроведување на постапките за јавни набавки согласно Законот создаваат можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречуваат конкуренцијата и придонесуваат за набавки по зголемени цени.
**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице да обезбеди услови за целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

11. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 10.3. е преценување на расходите за износ од 181 илјади денари, а потценување на вишокот на приходите над расходите за истиот износ во Билансот на приходи и расходи за 2005 година. Вкупниот ефект од наодите во точка 10.4. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од 173 илјада денари.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.1. до 10.4., финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на општина Центар Жупа на 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.3. и 10.5. кај Органот на општина Центар Жупа не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, за 2005 година.

**Скопје, 23.10.2006 година**

**ОРГАН НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | | 0 | 3 |
| Трансфери и донации | | 5,354 | 2,254 |
| **Вкупно приходи** | | **5,354** | **2,257** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | | 2,393 | 1,449 |
| Стоки и услуги | | 1,405 | 795 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **3,798** | **2,244** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | | 1,556 | 13 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1,556** | **13** |
| **Вкупно расходи** | | **5,354** | **2,257** |

**ОРГАН НА ЦЕНТАР ЖУПА**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2005 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | | 985 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **985** | **0** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | | 1,558 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1,558** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **2,543** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни финансиски обврски | | 362 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **362** | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | | 1,558 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1,558** | **0** |
| Долгорочни обврски | | **623** | |
| **Вкупна пасива** | | **2,543** | **0** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА**
**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **-** | | **-** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | | **-** |
| | **1,588** | | **1,588** |
| Набавки | | | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | | | - |
| Пренос од средства во подготовка | | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | | | - |
| Расходување | | | - |
| **Намалување по основ на:** | **-** | | **-** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | - | | |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **1,558** | | **1,558** |